# БИЛТЕН

Бр. **2 -** Април **2024**

**Green Up Yourself** е Еразмус плус проект кој промовира вработување и претприемништво во зелениот сектор кај младите во рурална Европа преку обука за зелени и претприемачки вештини, како и преку промоција на зеленото претприемништво.

Проектот ги вклучува следните организации: **Fundación Santa María la Real** (**Шпанија**), **CARDET** (**Кипар**), **CIAPE** (**Италија**), **STEP** (**Словенија**), **IED** (**Грција**) **и LAG AgroLider** (**Северна Македонија**).



**КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА**

Во претходните месеци проектните партнери работеа на **програмата за обука** дизајнирана да ја промовира вработливоста на младите лица од руралните средини на зелени работни места и во претприемништвото и сега ја финализираат **платформата за обука**.

## ВО ОВОЈ БРОЈ


ПРОЕКТОТ

ДОСТИГНУВАЊА

ПОВИК ЗА МЕНТОРИ

ПОВИК ЗА УЧЕСНИЦИ ВО ПИЛОТ ПРОГРАМА

СЛЕДНИ ЧЕКОРИ



## ПОВИК ЗА МЕНТОРИ

Регрутирањето на ментори штотуку започна во сите земји од проектот.

Дали сте **зелен претприемач** или **бизнис професионалец**?

Дали имате малку време да ги водите младите луѓе на нивниот пат кон зелено претприемништво?

Станете дел од **тимот за менторство на Green Up**, презентирајте се преку нашата платформа и бидете извор на инспирација за пилот-учесниците.

**Посетете ја веб-страницата Green Up Yourself, контактирајте со партнерите и придружете се!**

## ПОВИК ЗА УЧЕСНИЦИ ВО ПИЛОТ ПРОГРАМА

Серија работилници наменети за **млади лица** и за **младински работници** ќе се одржат во сите земји на проектот во есента 2024 година.

Овие работилници имаат за цел од една страна **да ги зајакнат младите луѓе со знаење, вештини и ресурси за да имаат позитивно влијание врз одржливоста на животната средина и да ги истражат можностите во рамките на зелената економија**, а од друга страна **да им обезбедат на младинските работници алатки и ресурси за обука на млади на теми поврзани со зеленото претприемништво.**

Дали сте заинтересирани да учествувате на овие работилници?

**Посетете ја веб-страницата Green Up Yourself контактирајте ги партнерите и резервирајте го вашето место!**



## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ И КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ

Партнерите ќе се состанат во **Кипар** во јуни за да ја финализираат **програмата за обука** и **платформата за е-учење** и да се подготват за **пилот-фазата** која ќе започне во есен 2024 година во сите земји вклучени во проектот.

Во исто време, нашата **кампања за подигање на свеста** е во тек до декември 2024 година.

Следете ги нашите **Инстаграм** и **Фејсбук** страници и дознајте повеќе за клучните концепти врз кои се гради проектот.